**ПОЧИТУВАНИ СОГРАЃАНИ, ДАМИ И ГОСПОДА, ЦЕНЕТИ ГОСТИ**

Голема чест ми е да Ве поздрвам на вечерашнава промоција на реформираното,односно обновеното друштво *Распеани Паланчани*.

Растев во времето кога растеше и се славеше староградската кривопаланечка песна. Кога низ улиците и градските маала се разлеваше музиката на мојот град со која се опејуваше љубовта на познатите кривопаланчани, кои оставаа белег на духот на едно време. Растев кога моите распеани сограѓани ја создаваа препознатливоста на кривопаланечката чаршија, ги овековечуваа настаните, ги пренесуваа обичаите. Ја презентираа културата на градскиот живот, а срцата на кривопаланчани се исполнуваа со убавина и гордост. И мора да признаеме тоа беше многу убаво.

Во тоа време, *Распеани Паланчани* беа најпрепознатливиот репрезент на градот, по кој не препознаваа, ја запознаваа нашата историја и традиција. Со еден збор, кривопаланечката староградска песна беше душата на Крива Паланка, битот на автентичноста на нашето поднебје, интимата на градот.

Сите овие години, откако *Распеани Паланчани*. заминаа во историјата, мора да признаеме, дека се чувствуваше празнина во пулсирањето на градското живеење, носталгија кон времето исполнето со прекрасните напеви.

Она што долго време тлееше не само во мене, туку сигурен сум и во сите вас, беше желбата нашите *Распеани Паланчани* повторно да ни го исполнуваат секојдневието, да не опејуваат низ земјата и светот. И конечно, пред три месеци, односно уште во првата недела како ја презедов функцијата градоначалник на општината успеав да ја реализирам оваа идеја и *Распеани Паланчани* да ги вратиме во сегашноста. Возобновени, подмладени, но со истиот жар и ентузијазам како и некогашните. Дел од некогашните се учесници и во обновените, дел од нив се во публиката, а некои за жал не се меѓу живите, но сепак нивните песни живеат и нивните песни ќе се паметат и ќе се пеат.

Од денеска кривопаланечката староградска песна повторно е меѓу нас.

Препознатливоста на еден народ, нација па ако сакате и град е токму по културата, а ова е дел од културата на Крива Паланка која беше заспана 30 години, ја разбудивме и нема да дозволиме повторно да заспие. Со *Распеани Паланчани* ќе ја слушаме : мојата, вашата, нашата песна, искорната од нашето тло, од кривопаланечката судба и љубовна сага, од чувствителната душа на моите паланчани.

Горд сум што веќе денеска можеме да присуствуваме на промоцијата на *Распеани Паланчани*. Горд сум што можам да кажам дека дека после 30 години јас го иницирав организирав и помогнав обновувањето на распеани паланчани.

Нека Ви е со среќа и многу настапи и успеси, а јас и сите сограѓани секогаш ќе бидеме ваша најголема подршка.

Благодарам.